**УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА НА ГРАНИЧЕН ПРОИЗВОД**

**Oligovit® kids**

**Раствор за перорална употреба**

**Граничен производ кој содржи шеќер**

**Упатството за пациентот содржи:**

1.Што претставува **Oligovit® kids**и за што се употребува?
2.Што мора да знаете, пред да гоземете/ употребите**Oligovit® kids**?
3.Како да го земате/ употребувате**Oligovit® kids**?
4.Можни несакани дејства(реакции)
5.Чување и рок на употреба на **Oligovit® kids**
6.Дополнителни податоци за граничен производ

## 1. Што претставува Oligovit® kidsи за што се употребува?

Oligovit® Kids, растворот за перорална употреба е граничен производ кој по својот состав претставува мултивитамински производ како дополнителен извор на витамин А, витамини од групата Б, витамин Ц, Д и Е, наменети за општа благосостојба кај деца над 3 години.

Oligovit® kids раствор за перорална употреба е граничен производ наменет првенствено за најмладите, кој кои може да се појави зголемена потреба за витамини кои им овозможуваат здрав раст и развој. Oligovit® kids растворот за перорална употреба содржи девет витамини потребни за континуирано течење на разни метаболитички и биохемиски процеси во организмот. Витаминот Д придонесува за одржување на нормална мускулна функција, неопходен е за метаболизмот на калциум, со што се обезбедува раст на здрави заби и коски. Витаминот Е го штити телото од слободните радикали и ја подобрува општата состојба на организмот. Витамините А, Ц, Д и Б6 придонесуваат за нормална функција на имунолошкиот систем. Витаминот Ц и Е придонесуваат за заштита на клетките од оксидативен стрес.

Oligovit® kids растворот за перорална употреба се препорачува:

- при недоволно внесување на витамини со исхраната (неправилна, нередовна исхрана)
- како додаток кај исхрана сиромашна со витамини во зимските месеци
- како додаток кон исхраната при недостаток на апетит, преморенoст и наклонетост кон инфекции
- kако додаток при лекување со антибиотици
- како дополна на исхраната кај рекреативни физички активности

## 2.Што мора да знаете пред да го земете/употребите Oligovit® kids

**Немојте да го земате/употребуватеOligovit® kids**доколку сте алергични на било која состојка на производот.

**Бидете посебно внимателни соOligovit® kids**

Производот не смеат да го користат лица кои се преосетливи на било која од состојките на производот.

Препорачаната дневна доза не треба да се надминува.

Лицата кои земаат лекови пред да го користат овој граничен производ треба да се консултираат со лекар или фармацевт.

Производот не смеат да го користат лица преосетливи на витамини од групата Б или на која било состојка на производот.

Поради високата содржина на шеќер, лицата со дијабетес можат да го користат овој производ само по консултација со нивниот лекар.

Не е наменето за деца под 3 години.

Не се препорачува истовремена употреба на други препарати кои содржат витамини А и Д , поради можноста за предозирање со витамини А и Д.

**Бременост и доење**

Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да го земете производот.

Ако сте бремени,планирате бременост или доите,пред да почнете да го земате граничниот производ,посоветувајте се со својот лекар или фармацевт.

**Влијание врз психофизички способности**

Примената на **Oligovit® kids**не влијае на способноста за ракување со моторни возила и машини.

**Важни информации за некои состојкина Oligovit® kids**

Производот не смеат да го користат лица кои се преосетливи на било која состојка на производот.

Важни известувања: Производот е нутриционистички некомплетна храна и не е погоден за употреба како единствен извор на храна.

**Земање/употреба на други медицински производи**

Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате,или ако неодамна сте земале било кој друг лек,дури и оние кои не се на лекарски рецепт.

## 3.Како да го земате/употребувате Oligovit® kids

**Протресете пред употреба!**

**Деца над 3 години:** Еднаш дневно се зема по една кафена лажичка раствор.
**Деца над 6 години:** Еднаш дневно се земаат две кафени лажички раствор.
Препорачаната дневна доза не смее да се надмине .
Граничните производи не може да се користат како замена за разновиднаи балансирана исхрана.

## 4.Можни несакани дејства (реакции) на Oligovit® kids

Ако забележите било какви несакани дејства,Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

## 5.Чување и рок на употреба наOligovit® kids

Да се чува во оригинално пакување, на суво и темно место, на температура до 25 ° C.

По првото отворање, чувајте го во оригиналното пакување на температура до 25 ° C најмногу до 20 дена.

Да се чува надвор од дофат на деца!

**Рок на употреба**
Не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.

## 6.Дополнителни податоци за граничен производ

**Состав на граничен производ**

| Состав на активни компоненти | 1 лажичка (5 ml) | % НРВ* (5 ml) | 2 лажички (10 ml) | % НРВ* (10 ml) | 100 ml |
|---|---|---|---|---|---|
| Витамин А | 220,0 µg RE | 28 | 440,0 µg RE | 55,0 | 4,4 mg |
| Витамин Б1 | 0,6 mg | 55 | 1,2 mg | 109 | 12,0 mg |
| Витамин Б2 | 0,4 mg | 29 | 0,8 mg | 57 | 8,0 mg |
| Ниацин | 6,0 mg NE | 38 | 12,0 mg NE | 75 | 0,12 g |
| Пантотенска киселина | 2,5 mg | 42 | 5,0 mg | 83 | 50,0 mg |
| Витамин Б6 | 0,3 mg | 21 | 0,6 mg | 43 | 6,0 mg |
| Витамин Ц | 30,0 mg | 38 | 60,0 mg | 75 | 0,6 g |
| Витамин Д | 5,0 µg | 100,0 | 10,0 µg | 200 | 0,1 mg |
| Витамин Е | 3,0 mg TE | 25 | 6,0 mg TE | 50 | 60,0 mg |

*НРВ – Нутритивна референтна вредност

Состојки: прочистена вода, сахароза, Л-аскорбинска киселина, полисорбат 80 (емулгатор), ксантан гума (згуснувач), натриум бензоат (конзерванс), натриум хидроксид (регулатор на киселост), никотинамид, DL-α-токоферил ацетат, натриум хлорид, арома на портокал, натриум цитрат (регулатор на киселост), Д-пантенол, тиамин хидрохлорид, ретинил палмитат,

натриум рибофлавин-5'-фосфат, пиридоксин хидрохлорид, лимонска киселина, холекалциферол.

| **Нутритивни информации** | **5 ml** | **100 ml** |
|---|---|---|
| **Енергетска вредност** | **29,8 kJ / 7 kcal** | **595 kJ / 140 kcal** |
| Масти – вкупно од (g)<br>тоа<br>заситени масни киселини (g) | 0<br>0 | 0<br><br>0 |
| Јаглехидрати–вкупно (g)<br>од тоа шеќери (g) | 1,8<br>1,8 | 35<br>35 |
| Протеини (g) | 0 | 0 |
| Сол (g) | 0,02 | 0,4 |

**Изглед на граничен производ и пакување**

**Нето:100мл**

**Носител на одобрение за ставање на граничен производ во промет:**
ГАЛЕНИКА ДООЕЛ Скопје, 1000 Скопје,Р.С. Македонија,
Бул.Кочо Рацин 14

**Производител:**
Галеника а.д., Батајнички друм б.б., 11080 Београд, Република Србија

**Број и датум на упис во Регистарот на гранични производи:**